Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р.

**195.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КРАТОВО**

1. За член на Управниот одбор–претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово се именува Југослав Николовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-52/1 | Претседател на Владата
15 декември 2015 година | на Република Македонија,
Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р.

**196.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ**

1. Зоранчо Стојанов се разрешува од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор–претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје се именува Кристина Антовска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 24-53/1
15 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**197.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

1. Теодора Обрадовиќ-Грнчаровска се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Управата за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-64/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**198.**

Врз основа на член 161-а и 161-б од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010,51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014,44/2015, 129/2015 и 192/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

1. За вршител на должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, до изборот на директор по објавен јавен оглас, се именува Даниел Ефтимов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-65/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**199.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, поради истек на мандатот, се разрешуваат:
- Зоран Димитријоски
- Зоран Глигоров.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, се именуваат:
- Дијана Тренеска и
- Даниела Иротова –Лазарева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија ."

Бр. 24-67/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**200.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

1. Пеце Јовески се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, на негово барање.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, се именува Ана Трајчева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија ."

Бр. 24-70/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**201.**

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014 и 146/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА СТРУЧНИОТ ОРГАН НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО - МАВРОВИ АНОВИ

1. Илко Лазаревски се разрешува од должноста член на Управниот одбор-претставник на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор-претставник на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови се именува Илко Лазаревски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-72/1<br>22 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**202.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ АГРО – БЕРЗА – СКОПЈЕ

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје, поради истек на мандатот се разрешуваат:
- Димитар Самарџиевски
- Енвер Усеинов и
- Дејан Стојанов.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје, се именуваат:
- Зија Саидов
- Деан Стојанов и
- Сашо Кутлешовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-73/1<br>22 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**203.**

Врз основа на член 5 од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/2011, 43/2014, 199/2014, 97/2015 и 153/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, поради истек на мандатот се разрешуваат:
- Благоја Србиновски
- Љупка Миндошева и
- Димитар Самарџиевски.

2. За членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија се именуваат:
- Благоја Србиноски
- Љупка Миндошева и
- Димитар Самарџиевски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-74/1<br>22 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**204.**

Врз основа на член 16 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Марјан Димитровски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје, се именува Марјан Димитровски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

| | |
|---|---|
| Бр. 24-75/1<br>22 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**205.**

Врз основа на член 5 од Законот за државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/2008, 148/2009 и 41/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

1. За член на Управниот одбор на Државниот испитен центар се именува Ицко Ѓоргоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-76/1<br>22 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**206.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН" - СКОПЈЕ**

1. Сашо Стефановски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, се именува Слободан Тодоровски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-77/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**207.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА - СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, поради истек на мандатот, се разрешуваат:
- Селим Адеми
- Бедрудин Телак и
- Димитар Шулевски.

2. За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, се именуваат:
- Наил Мефаилоски
- Димитар Шулевски и
- Елена Новачка.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија ."

Бр. 24-78/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**208.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ – СКОПЈЕ**

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ – Скопје се именува Рената Здравкоска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-79/1
22 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

## ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**209.**

Врз основа на член 30 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2006, 148/2018, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 54/2011, 142/2012, 31/2013, 54/2013, 14/2014, 30/2014 и 196/2015) и член 23 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015 и 154/2015), Државната изборна комисија на седницата одржана на 4 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

I. За генерален секретар на Државната изборна комисија, се именува
- Добре Јанчев, дипломиран правник

II. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-23/1
5 јануари 2016 година
Скопје

Државна изборна комисија
Претседател,
**Александар Чичаковски,** с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**210.**

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, врз основа на член 31 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на Република Македонија бр.69/2013, 188/2013 и 166/2014), постапувајќи по Барањето за издавање дозвола за понуда за преземање на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, поднесено од Комерцијална Банка АД Скопје, Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, во име и за сметка на преземачот, Друштвото за производство, трговија и услуги Метал-Нет ДОО увоз-извоз Куманово и Друштвото за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, бр.11-230-48911/1 од 15.12.2015 година, на седницата одржана на ден 28.12.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги Метал-Нет ДОО увоз-извоз Куманово со седиште на ул. 11-ти Октомври бб, Куманово, Република Македонија и Друштвото за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово, со седиште на ул. Никола Тесла бр.160, Куманово, Република Македонија, им се издава дозвола за давање понуда за преземање на АГРОКУМАНОВО АД Куманово. Понудата за преземање ја дава Комерцијална Банка АД Скопје, Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, во име и за сметка на преземачот, Друштвото за производство, трговија и услуги Метал-Нет ДОО увоз-извоз Куманово и Друштвото за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

2. Понудата за преземање се однесува на 14.798 обични акции со право на глас издадени од АГРОКУМАНОВО АД Куманово.

3. Преземањето на хартиите од вредност ќе се врши по цена од 2.190,00 денари по акција.

4. Рокот за прифаќање на понудата изнесува 28 дена од денот на првото објавување на понудата за преземање.

5. Преземачот од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски во рокот и начинот предвиден со Законот и Понудата за преземање.

6. Жалбата против ова решение не го одложува неговото извршување.

7. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 10-161
28 декември 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**211.**

Врз основа на член 190 и член 120 став 2 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015 и 154/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 28.12.2015 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРИФАЌАЊЕТО ИЛИ ОДБИВАЊЕТО НА НАЛОГ ЗА ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Со Правилникот за начинот на потврдување на прифаќањето или одбивањето на налог за тргување со хартии од вредност се уредува начинот на потврдување на прифаќањето или одбивањето на налог за тргување со хартии од вредност (во понатамошниот текст: налог) од клиент (во понатамошниот текст: Правилник).

Член 2

(1) Налог е еднострана инструкција на клиентот, кој може да биде даден усно, писмено или во електронска форма, а со кој на овластеното правно лице со дозвола за работење со хартии од вредност (во понатамошниот текст: овластено правно лице) му се наложува да изврши определена трансакција со хартии од вредност за сметка на клиентот.

(2) Начинот на кој клиентот го дава налогот на овластеното правно лице се уредува со договор меѓу овластеното правно лице и клиентот.

(3) Доколку клиентот на овластено правно лице дава налог во електронска форма преку компјутерско информациски систем обезбеден од страна на овластеното правно лице,тогаш клиентот со овластеното правно лице потпишува посебен договор за користење на компјутерско информацискиот системсистем за давање налози кој го обезбедува овластеното правно лице.

(4) Со договорот од став 3 од овој член се уредуваат сите услови под кои овластеното правно лице овозможува пристап и користење на компјутерско информацискиот систем систем за давање налози, прифаќање и постапување со документацијата која е во согласност со посебниот акт за уредување на начинот и постапката на работење со налози добиени по електронски пат.

(5) Доколку клиентот на овластено правно лице дава налог во електронска форма со користење на други медиуми за електронска комуникација, потпишани со електронскиот потпис на клиентот согласно закон, тогаш клиентот со овластеното правно лице потпишува посебен договор со кој подетално се уредува начинот на давање на таквите налози, идентификацијата на клиентот и комуникацијата со истиот, во согласност со посебниот акт за уредување на начинот и постапката на работење со налози добиени по електронски пат.

Член 3

После приемот на налогот, овластеното правно лице истиот го прифаќа или го одбива, што соодветно се евидентира во книгата на налози.

Член 4

(1) Прифаќањето на налог од страна на овластено правно лице се евидентира на посебен образец кој задолжително ги содржи следните елементи:
- забелешка дека налогот е прифатен;
- датум и време на прифаќање на налогот;
- забелешка дека овластеното правно лице може да го изврши налогот кога ќе процени дека тоа е во најдобар интерес на клиентот;
- број на налогот во книгата на налози;
- други елементи кои можат да влијаат на реализацијата на налогот и
- име, презиме и потпис на овластениот брокер во овластеното правно лице.

(2) Одбивањето на налог од страна на овластено правно лице се евидентира на посебен образец кој задолжително ги содржи следните елементи:
- забелешка дека налогот е одбиен;
- датум и време на одбивање на налогот;
- број на налогот во книгата на налози;
- причина за одбивање на налогот;
- име, презиме и потпис на овластениот брокер во овластеното правно лице.

(3) Образецот за прифаќање на продажен налог е во форма и содржина утврдена со Прилог1, а образецот за прифаќање на куповен налог е во форма и содржина утврдена со Прилог2. Образецот за одбивање на продажен налог е во форма и содржина утврдена со Прилог3, а образецот за одбивање на куповен налог е во форма и содржина утврдена со Прилог4. Прилозите 1, 2, 3 и 4 се составен дел на овој Правилник.

(4) Образецот за прифаќање на налогот може да содржи и други елементи кои можат да влијаат на реализацијата на налогот.

Член 5

(1) Прифаќањето или одбивањето на електронскиот налог за тргување од страна на овластено правно лице се евидентира на посебна електронска потврда за прифаќање или одбивање на електронски налог за тргување, која ги содржи податоците предвидени во член 4 од овој Правилник, во форма утврдена со Прилозите 1, 2, 3 и 4.

(2) Електронската потврда за прифаќање или одбивање на електронскиот налог за тргување со хартии од вредност треба да е потпишана со приватниот електронски клуч на брокерот и криптирана со приватниот електронски клуч на овластеното правно лице, освен за прием на налози по електронски пат преку компјутерско информациски систем обезбеден од страна на овластеното правно лице, каде што електронската потврда за прифаќање или одбивање на електронскиот налог за тргување со хартии од вредност треба да е криптирана со приватниот електронски клуч на овластеното правно лице.

(3) По прифаќање или одбивање на електронскиот налог овластеното правно лице по електронски пат треба веднаш до клиентот да достави електронска информација генерирана како потврда за прием или одбивање на електронскиот налог за тргување со хартии од вредност.

(4) Електронската потврда за прифаќање или одбивање на електронски налог за тргување со хартии од вредност мора да биде интегрирана со постоечкиот систем за примање на налози и одбивање на налози за тргување со хартии од вредност и со постојниот систем на водење на книгата на налози на овластеното правно лице.

Член 6

(1) Овластено правно лице задолжително му дава примерок на клиентот од образецот за прифаќање или одбивање на налог.

(2) Овластеното правно лице задолжително во секое време мора да поседува доказ за електронско доставување на електронска потврда за прифаќање или одбивање на електронски налог за тргување со хартии од вредност до клиентот кој го дал електронскиот налог.

Член 7

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за за начин на потврдување на прифаќање на налог за тргување со хартии од вредност (Службен весник на РМ број 6/2007, 21/2009 и 101/2013).

УП1 Бр. 03-1523/3
28 декември 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**Прилог1**

**ПОТВРДА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА НАЛОГ ЗА ПРОДАВАЊЕ**

**број** _____(*се внесува бројот на налогот евидентиран во книгата на налози на овластеното правно лице*)

**Број на клиент**: (*се внесува бројот на клиентот од регистарот на клиенти*)

**Име и презиме на клиентот**: ___________________________________

**Адреса**: ________________________________________

**Телефон за контакт**: ____________________________________________

**Сметка во депозитар на хартии од вредност**: _______________________

**Потврдуваме дека е ПРИФАТЕН следниот налог за ПРОДАВАЊЕ:**

- ВИД НА НАЛОГ:
- ИЗДАВАЧ
- ИСИН
- ВИД И РОД НА ХВ
- ШИФРА НА ХВ
- КОЛИЧИНА (*во случај на налог со скриена се наведува вкупната количина, видливиот и скриениот дел*)
- ЦЕНА (*не се наведува во случај на пазарен и дискреционен налог*)
- ВАЖНОСТ

**Парите ќе бидат ИСПЛАТЕНИ на сметката:** ______________________ (*се наведува бројот на сметката*)

**Датум и време на прифаќање на налогот:** _________________________

**Име, презиме и потпис на овластен брокер**

________________________

**Прилог 2**

**ПОТВРДА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА НАЛОГ ЗА КУПУВАЊЕ**
**број _____**(*се внесува бројот на налогот евидентиран во книгата на налози на овластеното правно лице* )

**Број на клиент**: (*се внесува бројот на клиентот од регистарот на клиенти*)
**Име и презиме/назив на клиентот**: _______________________

**Адреса**: ________________________________________

**Телефон за контакт**: ________________________________

**Сметка во депозитар на хартии од вредност**: ____________________

**Потврдуваме дека е ПРИФАТЕН следниот налог за КУПУВАЊЕ:**

- ВИД НА НАЛОГ:
- ИЗДАВАЧ:
- ИСИН:
- ВИД И РОД НА ХВ:
- ШИФРА НА ХВ:
- КОЛИЧИНА (*во случај на налог со скриена се наведува вкупната количина, видливиот и скриениот дел*)
- ЦЕНА: (*не се наведува во случај на пазарен и дискреционен налог*)
- ВАЖНОСТ:

**Парите ќе бидат ПРЕНЕСЕНИ на сметката:** ___________________ (*се внесува бројот на сметката овластеното правно лице во Народна Банка на Република Македонија*)

**Датум и време на прифаќање на налогот:** _______________________

**Име, презиме и потпис на**
**овластен брокер**

_____________________

**Прилог3**

**ПОТВРДА ЗА ОДБИВАЊЕ НА НАЛОГ ЗА ПРОДАВАЊЕ**
**број _____**( *се внесува бројот на налогот евидентиран во книгата на налози на овластеното правно лице*)

**Број на клиент**: (*се внесува бројот на клиентот од регистарот на клиенти*)
**Име и презиме на клиентот**: ________________________________

**Адреса**: ____________________________________

**Телефон за контакт**: ________________________________________

**Сметка во депозитар на хартии од вредност**: _____________________

**Потврдуваме дека е ОДБИЕН следниот налог за ПРОДАВАЊЕ на:**

- ВИД НА НАЛОГ:
- ИЗДАВАЧ
- ИСИН
- ВИД И РОД НА ХВ
- ШИФРА НА ХВ
- КОЛИЧИНА (*во случај на налог со скриена се наведува вкупната количина, видливиот и скриениот дел*)
- ЦЕНА (*не се наведува во случај на пазарен и дискреционен налог*)
- ВАЖНОСТ

**Причина за одбивање на налогот: _____________________________**

**Датум и време на одбивање на налогот: _______________________**

**Име, презиме и потпис на**
**овластен брокер**

______________________

**Прилог4**

**ПОТВРДА ЗА ОДБИВАЊЕ НА НАЛОГ ЗА КУПУВАЊЕ**
**број _____**(*се внесува бројот на налогот евидентиран во книгата на налози на овластеното правно лице*)

**Број на клиент**: (*се внесува бројот на клиентот од регистарот на клиенти*)
**Име и презиме на клиентот**: ________________________

**Адреса**: ____________________________________________

**Телефон за контакт**: ___________________________________

**Сметка во депозитар на хартии од вредност**: _____________________

**Потврдуваме дека е ОДБИЕН следниот налог за КУПУВАЊЕ:**

- ВИД НА НАЛОГ:
- ИЗДАВАЧ
- ИСИН
- ВИД И РОД НА ХВ
- ШИФРА НА ХВ
- КОЛИЧИНА (*во случај на налог со скриена се наведува вкупната количина, видливиот и скриениот дел*)
- ЦЕНА (*не се наведува во случај на пазарен и дискреционен налог*)
- ВАЖНОСТ

**Причина за одбивање на налогот:** ______________________________

**Датум и време на одбивање на налогот:** ________________________

**Име, презиме и потпис на**
**овластен брокер**

______________________

**212.**

Врз основа на член 190 и член 121 став 4 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015 и 154/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2015 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА НА НАЛОЗИ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози (Службен весник на Република Македонија број 6/2007 и 21/2009) во член 4 став 3 се менува и гласи:

"(3) Овластеното правно лице е должно да ја чува историјата на сите активности поврзани со налозите и на барање на Комисијата истите да и бидат доставени во хартиена и/или електронска форма."

Во истиот член се додава нов став 5 кој гласи:

"(5) За секој директен пристап и промена на податоците во базата на податоци каде се чуваат податоците од книгата на налози, овластеното правно лице е должно да има изготвено записник за извршениот пристап во базата и/или промената на податоците, во кој ќе бидат наведени причините за пристапот и/или направените промени со соодветно евидентирање на податоците во кои се вршени промените. Ваквиот записник треба да биде потпишан од лицето кое ја извршило интервенцијата и директорот на овластеното правно лице."

Член 2

Во член 5 став 8 се менува и гласи:

"(8) Овластеното правно лице кое прима налози по електронски пат мора да поседува компјутерско информациски систем со софтверска апликација која обезбедува:

- клиентски модул со функционалност за испраќање на електронски налози;

- серверски модул кој има функционалност за обработка на електронски налози и управување со функционалност за криптирање и/или декриптирање на електронски налози и

- функционалност за автоматизиран прием на електронскиот налог во книгата на налози по неговото прифаќање."

- Во истиот член се додава нов став 9 кој гласи:

- "(9) Освен преку компјутерско информациски систем, овластеното правно лице може да прима налози по електронски пат и со користење на други медиуми за електронска комуникација, при што истите мора да бидат потпишани со електронскиот потпис на клиентот согласно закон."

Член 3

Членот 5а се менува и гласи:

"Постапка за криптирање на налози за тргување според моделот ПКИ (Public Key Infrastructure)

(1) Постапката за криптирање на електронски налози за тргување се врши со помош според моделот на ПКИ.

(2) Електронскиот налог се криптира со јавниот електронски клуч за криптирање на овластеното правно лице. Криптираниот налог во себе ги содржи сите информации и податоци што претходно се содржани во електронскиот налог.

(3) Со пристигнувањето на криптираниот налог во овластеното правно лице се врши декриптирање, односно серверскиот модул веднаш го препознава криптираниот налог и започнува процес на декриптирање при што се користи приватен клуч за размена на овластеното правно лице. По извршеното декриптирање на електронскиот налог се чита содржината на налогот.

(4) После читањето на содржината на налогот, овластеното правно лице истиот го прифаќа или го одбива, што соодветно се евидентира во книгата на налози.

(5) После прифаќањето на налогот, истиот станува активен за тргување и се постапува согласно инструкциите дадени од клиентот."

Член 4

Членот 5б се брише.

Член 5

После членот 7 се додава нов член 7а кој гласи:

"Член 7а

Овластеното правно лице ја води книгата на налози на тој начин што во соодветните полиња, односно колони ги евидентира следниве податоци:

1. Број на налог (број на налог од книгата на налози)

2. Секвенца на налогот (редослед на активностите со налогот)

3. Опис на активност со налогот

4. Овластен брокер (корисничко име на брокерот кој ја извршил активноста со налогот)

5. Име (назив) на клиент (за физичко лице: име и презиме; за правно лице: назив)

6. Број на клиент (број на договор склучен со клиентот)

7. Вид на сметка (согласно правилата на овластена берза и соодветните кратенки)

8. Број на сметка во ЦДХВ (сметка на клиентот од овластен депозитар за хартии од вредност)

9. Овластено лице (полномошник/овластено лице за правни субјекти)

10. Вид на налог (согласно правилата на овластена берза и соодветните кратенки)

11. Тип на налог (К-налог за купување и П-налог за продавање)

12. Шифра на ХВ (се впишува берзанската шифра на хартијата од вредност)

13. Видлива количина на ХВ (се впишува количината на хартии од вредност на која гласи налогот)

14. Скриена количина на ХВ (се впишува скриената количина на хартии од вредност на која гласи налогот)

15. Цена на налогот даден од клиентот

16. Цена по која налогот е внесен на овластена берза

17. Рок на важност (согласно правилата на овластена берза и соодветните кратенки)

18. Специјални услови (согласно правилата на овластена берза и соодветните кратенки)

19. Забелешка

20. Состојба на налогот

21. Датум и време на прием на налогот

22. Место и начин на примање на налог:

- директно во деловните простории на овластеното правно лице од каде се извршуваат налозите
- индиректно, во други деловни простории на овластеното правно лице од каде не се извршуваат налозите
- по пошта/телефакс
- по телефон
- со употреба на електронски медиуми на комуникација

23. Време на прифаќање/одбивање на налог

24. Време на внес на налог на овластена Берза

25. Време на реализација на налог

26. Реализирана количина

27. Цена на реализација на налогот

28. Број на трансакција.”

Член 6

Членот 8 се брише.

Член 7

Членовите 9,10,11,12 и 13 стануваат членови 8,9,10,11 и 12 последователно.

Член 8

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози.

Член 9

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на РМ“.

(2) Одредбите од член 7а од овој Правилник започнуваат да се применуваат најдоцна во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на истиот.

(3) Одредбите од член 7 од Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози („Службен весник на РМ“ број 6/2007 и 21/2009) престануваат да важат по истекот на рокот од 6 месеци од влегување во сила на овој Правилник.

УП1 Бр. 03-1524/3
28 декември 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

## ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“- КИЧЕВО

**213.**

Врз основа на член 21-а став 4 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15), Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево на 25.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, ФИНАНСИРАЊЕ, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ФЛАШИРАЊЕ НА ВОДА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ ПОТРЕБИ**

Член 1

Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање , стопанисување и пренос на капацитетите за флаширање на вода за комерцијални потреби спроведена согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на капацитетите за флаширање на вода за комерцијални потреби бр.02-1142/1-5/1 од 9.06.2015 година,на која Владата на Република Македонија има дадено согласност со Одлука објавена во„Службен весник на Република Македонија“ бр.119/15 од 14.07.2015 година.

Член 2

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на капацитетите за флаширање на вода за комерцијални потреби СЕ ПОНИШТУВА согласно член 169 став 1 алинеја 7 од Законот за јавните набавки, поради пропусти во тендерската документација.

Член 3

Со денот на на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на капацитетите за флаширање на вода за комерцијални потреби бр. 02-1142/1-5/1 од 9.06.2015 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2365/1-2/1
25 декември 2015 година
Кичево

Упавен одбор
Претседател,
**Петар Ивановски,** с.р.

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**214.**

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14 и 192/15), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Индексот на трошоците на животот во Република Македонија во второто полугодие од 2015 година (период: јули – декември 2015 година), во однос на првото полугодие од 2015 година (период: јануари – јуни 2015 година) е -0.2%.

Директор,
**Лидија Костовска,** с.р.

**215.**

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14 и 192/15), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари – декември 2015 година, во однос на просечните цени на мало во 2014 година, изнесува -1.3%.

Директор,
**Лидија Костовска,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2016004